Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „СИНПЕКС“ ДОО Битола, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-432/5-5 од 01.11.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.08092/2019 за набавка на стоки - Специјални возила за собирање на комунален отпад, на договорниот орган ЈП Комуналец Битола, врз основа на член 160 став (1) точка 4 и став (2), (3), (4), (5) и (6) и член 166 став (7) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), на 78-та Седница одржана на ден 14.11.2019 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**1.Жалбата** на жалителот – „СИНПЕКС“ ДОО Битола, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-432/5-5 од 01.11.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.08092/2019 за набавка на стоки - Специјални возила за собирање на комунален отпад на договорниот орган ЈП Комуналец Битола, **СЕ УСВОЈУВА.**

**2. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката** за избор на најповолна понуда бр.02-432/5-5 од 01.11.2019 година **и постапката** по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.08092/2019 за набавка на стоки - Специјални возила за собирање на комунален отпад на договорниот орган ЈП Комуналец Битола.

**3. Се задолжува** договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 9.226,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, **во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.**

**4. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно по извршената достава.**

**5. Сите странки се должни** да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

**6. Договорниот орган е должен** да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за набавка со отворена постапка бр.08092/2019 за набавка на стоки - Специјални возила за собирање на комунален отпад, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 17.09.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката била неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниска цена, постапката ќе се спроведе во електронска форма и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата и 15% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

До крајниот рок за поднесување на понудите 17.10.2019 година до 11.00 часот, пристигнале вкупно 3 (три) понуди и тоа од економските оператори: „КАРГОМАКС“ ДООЕЛ Скопје, „СИНПЕКС“ ДОО Битола и „ТИМАК МАЦХИН“ ДОО Скопје за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 17.09.2019 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, и врз основа на Извештајот од спроведена постапка од 01.11.2019 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор „КАРГОМАКС“ ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-432/5-5 од 01.11.2019 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-432/5-5 од 01.11.2019 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор “СИНПЕКС“ ДОО Битола.

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки изврши увид во досиeто на постапката на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на член 160 став (1) точка 4 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки најде:

***Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител.***

***Жалбата е основана.***

Жалителот во жалбата наведува дека договорниот орган при изработката на тендерската документација сторил суштествени повреди на Законот за јавни набавки и истата ја изработил спротивно на Законот за јавни набавки со што допринел за нееднаков третман и дискриминација на економските оператори во постапката како и ограничување на пазарната конкуренција. Според жалителот тендерската документација имала битни пропусти и истата не била изработена во согласност со член 81 од Законот за јавните набавки во кој членови е образложено начинот на изработка на тендерска документација, потребната содржина која треба да биде содржана во техничките спецификации и барање на техничка и професионална способност на исполнетост од економски оператори и другите барања и услови. Имено, договорниот орган во огласот објавен на e-nabavki.gov.mk навел дека предмет на набавка се специјални возила за собирање на комунален отпад, додека во тендерската документација секаде било наведено во еднина, односно специјално возило за собирање на комунален отпад. Жалителот смета дека договорниот орган изготвил техничка спецификација која што упатувала на конкретно производство и тоа ограничувањето на конкуренцијата било направено во ставките за дефинирањето на моторот: Мотор: 6 цилиндарски, дизел, запремнина: максимум 6000 ccм, минимум 185kW (251кс) при 2700 врт./мин. Имено, според жалителот договорниот орган наместо да дефинирал минимум од 5900 ццм или минимум 5500 ццм тој дефинирал максимум од 6000 ццм со што уште повеќе ја ограничил конкуренцијата со што оневозможил да се понуди возило кое ќе има подобри карактеристики како во поглед на економичноста така и во поглед на моќноста. Исто така жалителот истакнува дека договорниот орган го дефинирал и барањето од конкретно 2700 вртежи во минута, односно договорниот орган поставил точно определено барање без никаков распон односно максимум и минимум и согласно тоа ја ограничил конкуренцијата. Понатаму жалителот наведува дека договорниот орган дури ја специфицирал и точната димензија на пневматиците и бандажите што било сосема небитно за набавката односно предвидел пневматици: 315/80 R 22.5., па за жалителот било нејасно зошто точната „токму“ ваква димензија на пневматици била важна за договорниот орган. За жалителот спорни биле и други карактеристики кои упатувале на конкретно производство. Имено, бил побаран менувач: синхронизиран, мануелен со минимум 6 брзини (сите

останати производители имале други карактеристики), освен Ивеко резервоар за ad blue: минимум 25 л.- видно од каталогот на Ивеко и од споредбената табела и ова барање било препишано од производителот Ивеко, сите други производители имале различни големини на резервоарите. Сила на мотор: минимум 185kW (251кс) исто така според жалителот само Ивеко имал точно 251 кс, што било премногу симптоматично. Од страна на други економски оператори биле поставени прашања во врска со техничката спецификација каде бил даден неодреден одговор. Жалителот истакнува дека направиле споредба на техничките барања, односно техничката спецификација со 5 различни брендови во истата категорија на камиони и видно од прилогот можело да се увиди дека овие поставени технички барања ги исполнувала само марката Ивеко. Со самото тоа жалителот смета дека договорниот орган постапил спротивно на член 79 став 2 алинеја 3, член 81 став 4 од Законот за јавните набавки и спротивно на член 82 став 8 каде е наведено дека договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање определени економски оператори или определени стоки. Жалителот во жалбата се повикува на Решение бр.09-689/12 од 16.10.2019 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки каде што предмет на набавка било идентично возило со исти технички карактеристики без надградба. Видно од тендерската документација можело да се увиди дека договорниот орган изготвил тендерска документација спротивно на Законот за јавни набавки. Според жалителот договорниот орган при изработката на тендерската документација сторил суштествени повреди на Законот за јавни набавки и истата ја изработил спротивно на Законот за јавни набавки со што допринел за нееднаков третман и дискриминација на економските оператори во постапката како и ограничување на пазарната конкуренција. Жалителот истакнува дека договорниот орган сторил и битни повреди на Законот за јавни набавки, бидејќи во точка 2.5 од тендерската документација навел да се даде или изјава или да се поднесат бараните документи за дека не постојат причини за негово исклучување од постапката и дека ги исполнува условите за квалитативен избор, со што ги ставил во понеповолна положба економските оператори кои ќе достават документација која согласно погоренаведеното ќе биде некомплетна, од економските оператори кои ќе достават изјава. Понатаму жалителот истакнува дека договорниот орган во делот за утврдување на техничка или професионална способност во точка 5.3.2.1 предвидел: Потребната техничка и професионална способност за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе ја утврди преку следниве минимални услови: да поседува овластен сопствен или изнајмен со договор за деловно техничка соработка, сервис за сервисирање и одржување на предметот на набавка, достапност 24

часа. 5.3.2.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 5.3.2.1 со доставување на:- изјава дека поседува овластен сопствен или изнајмен со договор за деловно техничка соработка, сервис за сервисирање и одржување на возилото, достапност 24 часа. Имено, жалителот наведува дека овој услов за определување на техничка и професионална способност бил во спротивност со член 92 и член 95 став 8 од Законот за јавните набавки, бидејќи во Законот ваков услов и доказ не биле предвидени. На начинот кој договорниот орган ги дефинирал техничките спецификации и ја изготвил тендерската документација не можело да создаде конкурентност за јавната набавка што било спротивно на Законот за јавни набавки. И покрај тоа што во Законот за јавни набавки јасно и прецизно било наведено како се изработува тендерска документација, договорниот орган истиот не го испочитувал и изработил тендерска документација спротивно на Законот за јавни набавки. Овие пропусти имале битно влијание на постапката, евалуацијата на понудите, нивното рангирање за електронска аукција како и избор на најповолен понудувач иако како понудувач поднеле понуда со сите неопходни документи. Поради се погоре наведено, жалителот и предлага на Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја усвои жалбата, да ја поништи одлуката за избор на најповолна понуда, како и целокупната постапка, како и да му бидат надоместени трошоците сторени со жалбената постапка.

Во одговорот на жалба договорниот орган истакнува дека не се точни наводите на жалителот дека договорниот орган при изработка на тендерската документација сторил суштествени повреди на Законот за јавни набавки и истата ја изработил спротивно на Законот за јавни набавки со што допринел за нееднаков третман и дискриминација на економските оператори во постапката како и ограничување на пазарната конкуренција. Имено, согласно член 81 договорниот орган во тендерската документација ги навел барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. Имено, при објавување на огласот на e-nabavki.gov.mk договорниот орган задолжително го следел линкот со годишниот електронски план за јавни набавки и при тоа ја избирал ставката со наслов во конкретниот случај - специјални возила за собирање на комунален отпад, а во тендерската документација, согласно одлуката за јавна набавка, постапката се однесува за специјално возило за собирање на комунален отпад-количина 1 и во ниту едно место од тендерската документација не била предвидена оваа набавка во множина, насловот во огласот, технички, претставувал линк од годишниот електронски план за јавни набавки. Според договорниот орган не биле точни наводите на жалителот дека

договорниот орган сторил повреда на член 79 став 2 алинеја 3 со тоа што договорниот орган ги игнорирал забелешките во фазата на поставување на прашања, а кои се однесувале на спецификацијата за набавка на специјално возило за комунален отпад. Имено, договорниот орган во одговор на поставено прашање, благовремено, на јасен и прецизен начин навел дека стручните служби на ЈП Комуналец Битола изготвиле техничка спецификација за набавка на Специјално возило за собирање на комунален отпад, комплетно. Предвидени биле технички спецификации кои одговарале на потребите на договорниот орган во поглед на јачина, капацитети и сл. Од друга страна жалителот во неговите сугестии наведени во жалбата упорно настојувал да изврши влијание врз договорниот орган за идна промена на техничката спецификација со која тој би можел да го продаде неговото возило. Според договорниот орган не се точни наводите на жалителот дека договорниот орган со наведување на вредност запремнина максимум 6000ццм, сила на моторот минимум 185kW вршел нарушување на принципот на конкурентност и еднаков третман на економските оператори. Видно од приложените параметри договорниот орган предвидел максимала вредност со што биле прифатливи сите понудени до таа вредност и минимална вредност со што биле прифатливи сите понудени над таа вредност. Што значело дека не станува збор за нарушување на принципот на конкурентност и еднаков третман, туку тоа бил опсегот на потребата на договорниот орган наспроти желбата на жалителот да продаде специјално возило за смет кое не одговара на нивните потреби и истото било надвор од предвидениот максимален лимит. Во врска со наводите на жалителот дека договорниот орган специфицирал димензија на пневматици и бандажи 315/80 R 22.5, договорниот орган истакнува дека го определил наведениот параметар имајќи го во предвид фактот дека најголемиот број на специјални возила за вршење на јавната дејност собирање на комунален отпад на договорниот орган, ја имале оваа карактеристика на пневматици и бандажи. Според договорниот орган не биле точни наводите на жалителот дека договорниот орган навел технички карактеристики кои упатуваат исклучително на Ивеко, - менувач мануелен синхронизиран со минимум 6 брзини, - резервоар за Ad Blue минимум 25л и сила на мотор минимум 185kW. Имено, договорниот орган наведувал минимални вредности што значело, прифатливи се сите понуди со вредности над предвидениот минимум. Исто така, за договорниот орган не се точни наводите на жалителот за сторени битни повреди на Законот за јавни набавки дефинирајќи барања услови и докази кои се спротивни на законот за јавни набавки. Воедно за договорниот орган во жалбата не било јасно наведувањето на содржината и постоењето на точка 2.5 од тендерската документација. Таа точка, во објавената тендерска документација, не постоела. Договорниот орган не дефинирал алтернативен услов да се даде или изјава или да се поднесат бараните документи. Тоа е законско определување за поедноставена отворена

постапка, а не желба на договорниот орган. Наспроти тоа договорниот орган, во оваа тендерска документација за вид на постапка со Отворена постапка, имајќи го во предвид член 50 од Законот за јавни набавки навел дека економскиот оператор поднесува понуда со потребната документација за утврдување способност и предвидел во точката 2.3. „Докажување на способноста за непостоење на причини за исклучување од постапката. 2.3.1 Економските оператори доставуваат единствен документ за докажување на способноста и/или потврди, изјави и други документи наведени во член 95 од Законот за јавни набавки, како доказ дека: не постојат причини за исклучување утврдени во точка 2.2 односно во членот 88 од истиот закон. Во точка 2.3.3 од Тендерската документација стоело „Документите од 2.2.1 и 2.2.2 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество и неприфатливо е и не е наведено, истите да бидат со дата на издавање после јавното отворање. А тоа значело дека кај Отворена постапка, не се прифаќа никаков алтернативен услов- или изјава или документи за докажување на способност. Имено, договорниот орган истакнува дека во ниту едно место од тендерската документација, не навел, како елемент на понудата да се достави или изјава за утврдување на способност или документи за утврдување на способност и ниту прикачил бланко образец на Изјава за утврдување на способност. Тоа претставувало одлика за Поедноставена отворена постапка, а не и за Отворена постапка. Понатаму, според договорниот орган не се точни наводите на жалителот дека предвидел услов за техничка или професионална способност во точката 5.3.2.1 спротивно со член 92 и член 95 став 8 од Законот за јавни набавки, бидејќи во истиот закон, ваков услов и доказ не биле предвидени. Имено, согласно член 95 став 8 точка ѕ) Во постапките за јавни набавки, техничката и професионална способност на економскиот оператор, може да се докаже: точка ѕ) со изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот. Имајќи го во предвид наведеното, договорниот орган во објавата на огласот, а и во тендерската документација предвидел минимален услов за техничка или професионална способност- економскиот оператор да поседува сопствен или изнајмен со договор за деловно техничка соработка, сервис за сервисирање и одржување на предметот на набавка со достапност, 24 часа. Наведениот услов економскиот оператор го докажувал со Изјава дека поседува сопствен или изнајмен со договор за деловно техничка соработка, сервис за сервисирање и одржување на возилото, со достапност, 24 часа. Во врска со наводот на жалителот дека Државната комисија за жалби по јавни набавки со Решение бр.09-689/12 од 16.10.2019 ги потврдила жалбените белешки на сега жалителот, а изнесени во претходна жалба, за друга постапка, поднесена огласно член 143 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки, за набавка на специјално возило за смет без надградба,

договорниот орган во однос на доставеното решение покренал управен спор. Имено, според договорниот орган Одлуката на Државната комисија за жалби по јавни набавки дадена за друга постапка различна од оваа за која се однесува оваа жалба, нема никаква врска со овој предмет и не може да биде извор на право. Според договорниот орган во ставка 1 од техничка понуда-понудена вредност 4700мм меѓуоскино растојание, која значела отстапување на предвидената вредност- максимум 4200мм меѓуоскино растојание, -во ставка 6 од техничка понуда-понудена била вредност снага на мотор 184kW, исто така значело отстапување на предвидена вредност- снага на мотор минимум 185kW(251кс). Договорниот орган предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки да донесе Решение со кое жалбата на жалителот ќе ја одбие поради неоснованост.

Државната комисија постапувајќи согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на увидот во досието од спроведената постапка на ЕСЈН и во сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата на „СИНПЕКС“ ДОО Битола е основана.

Државната комисија утврди дека жалбените наводи во однос на тендерската документација се задоцнети, од причини што доколку сметал жалителот дека има битни повреди на законот при изработката на тендерската документација, жалба до Државната комисија можел да вложи во законски рок согласно член 143 став (1) точка 1 од Законот за јавните набавки: „(1) Во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на: 1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација; “, а во спротивно согласно став (2) од истиот член „ Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2 и 3 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.“.

Но и покрај горенаведеното, Државната комисија постапувајќи по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а притоа имајќи ги во предвид доказите доставени од страна на жалителот, утврди дека со изготвената тендерска документација, договорниот орган сторил битни повреди од член 141 став (2) точка 6, односно тендерската документација на постапката за доделување на договор за јавна набавка не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција.

Имено, согласно член 140 од Законот за јавните набавки жалителот достави докази од кои произлегува дека изготвената техничка спецификација упатува на одредено производство и со истата се ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори, а кои Државната комисија ги прифати во целост бидејќи договорниот орган, покрај одговор на жалбата не достави докази со кои ја оправда потребата од вака изготвената техничка спецификација, односно докази дека истата не е дискриминаторна и не ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори.

Вака изготвената техничка спецификација од страна на договорниот орган, а видно од доставените докази на жалителот според кои одделни барања од спецификација ги исполнува само одреден модел на специјално возила, е спротивна на член 81 и член 82 од Законот за јавните набавки како и на начелата на кои се темелат постапките за јавни набавки а кои се утврдени во член 3, 5 и 7 од истиот закон. Дополнително на наведеното, Државната комисија утврди дека во фазата пред јавното отворање на понудите, двајца понудувачи поставиле прашање и барање за измена на одделни услови од техничката спецификација кои биле ограничувачки, како би се овозможила конкуренција, недискриминација и учество на поголем број на економски оператори, а на кои договорниот орган не одговорил соодветно, односно не извршил измена на техничката спецификација.

Со оглед на наведеното, а поради сторени битни повреди на законот од член 141 став 2, точка 6 од Законот за јавните набавки, Државната комисија одлучи да ја усвои жалбата, да ја поништи Одлуката за избор бр.02-432/5-5 од 01.11.2019 како и постапката по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.08092/2019 за набавка на стоки - Специјални возила за собирање на комунален отпад на договорниот орган ЈП Комуналец Битола.

При повторно спроведување на постапка за јавна набавка за истиот предмет на набавка, потребно е договорниот орган да изготви тендерска документација согласно начелата на кои се темелат постапките за јавни набавки и во целост во согласност со Законот за јавните набавки (Сл. Весник бр.24/2019).

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки:„ 10. „Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното

индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација;“.

Согласно член 3 од Законот за јавните набавки: „(1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.“.

Согласно член 5 од Законот за јавните набавки: „(1) Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори. (2) Договорниот орган ја спроведува постапката за јавна набавка согласно со прописите за заштита на конкуренцијата и не смее да ги ограничи потенцијалните понудувачи со избирање на видот на постапката или со нејзино спроведување спротивно на овој закон. (3) Договорниот орган не смее да бара од понудувачот да ангажира одредени подизведувачи за извршување на договорот, ниту пак да бара од понудувачот да врши кои било други активности, како што е извоз на одредени стоки или услуги. “.

Согласно член 7 од Законот за јавните набавки: „Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.“.

Согласно член 81 став 1 и 2 од Законот за јавните набавки: „ (1) Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. (2) Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските

рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.".

Согласно член 82 став 1, 2, 3, 6 и 8 од Законот за јавните набавки:„ (1) Предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган. (2) Описот на предметот на набавка содржи технички спецификации и ако е потребно, се дополнува со нацрти, проектна документација, цртежи, модели и слично. (3) Техничките спецификации се утврдуваат во тендерската документација. (6) Техничките спецификации мора да им обезбедат на сите економски оператори еднаков пристап до постапката за јавна набавка и не смеат неоправдано да ја попречуваат пазарната конкуренција во јавните набавки. (8) Договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање определени економски оператори или определени стоки.".

Согласно член 141 став 1 и 2, точка 6 од Законот за јавните набавки: „ (1) Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член. (2) Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: 6. тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција.".

Со оглед на фактот што жалителот успеал во жалбената постапка, трошоците на постапката за правна заштита ќе му бидат вратени, согласно со член 166 став (7) од Законот за јавните набавки.

Од причини погоре изложени, се донесе Решение како во диспозитивот.

**<u>Упатство за правно средство:</u>** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.09-782/14
14.11.2019 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „СИНПЕКС" ДОО Битола,
- ЈП Комуналец Битола